369

**УЖ-1.бр.214/2024**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Општина Струга, поднесена преку полномошник Адвокат Драган Коровешовски од Охрид, против Решението на Управниот суд У-6.бр.642/2023 од 09.02.2024 година, за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, на седницата на советот одржана на ден 06.11.2025 година, донесе:

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
20. 11. 2025
08 369

## Р Е Ш Е Н И Е

I

Жалбата на тужителот Општина Струга, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-6.бр.642/2023 од 09.02.2024 година, СЕ ПОТВРДУВА.

II

Барањето на тужителот Општина Струга за надомест на трошоците на постапката во вкупен износ од 20.128,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-6.бр.642/2023 од 09.02.2024 година, тужбата на тужителот Општина Струга, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-369 од 24.10.2023 година, ја отфрлил како недозволена. Истовремено, барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, судот го одбил како неосновано.

Тужителот незадоволен од Решението на Управниот суд во законски предвидениот рок преку својот полномошник изјави жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, решението на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување како и да му се надоместат трошоците во постапката.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалба, испитувајќи го обжаленото решение во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Вишиот управен суд најде дека правилно Управниот суд утврдил дека Општина Струга како имател на информации, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот Л.Н. од с.Велешта - Струга, со кое е побарано да се достави во хартиена форма „Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2017 година; Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2018 година; Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2019 година; Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2020 година; Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2021 година и Фотокопии од Ситуации, Фактури и Уплатници за асфалтирање на локални патишта за 2022 година", донел Решение бр.0302-4040/2 од 22.09.2023 година, во кое е наведено дека Општина Струга го прифаќа барањето на барателот на информации и го известува дека сите побарани документи се објавени јавно на веб страната на Бирото за јавни набавки www.e-nabavki.aov.mkhttp://www.e-nabavki.aov.mk. линк склучени договори.

Незадоволен од вака донесеното решение, барателот Л.Н. од с.Велешта - Струга, поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која го донела сега оспореното Решение Бр.08-369 од 24.10.2023 година, со кое го поништила решението на Општина Струга како имател на информации во својство на првостепен орган бр.0302-4040/2 од 22.09.2023 година, со задолжение да постапи по напаствијата содржани во Решението на Агенцијата.

Тужителот Општина Струга, незадоволен од вака донесеното решение со тужба пред Управниот суд повел управен спор.

Управниот суд постапувајќи по тужбата донел Решение У-6.бр.642/2023 од 09.02.2024 година, со кое тужбата на тужителот Општина Струга, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-369 од 24.10.2023 година, ја отфрлил како недозволена. Истовремено, барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, судот го одбил како неосновано.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е правилно и законито.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија"бр.96/2019), право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законскиот рок.

Според став 21 став 1 од истиот Закон, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, здружение или заедница на граѓани, кои немат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управната постапка.

Согласно член 32 став 1 точка 2 од истиот Закон, Судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека тужбата очигледно дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот.

Согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), кога второстепениот орган ќе утврди дека во првостепената постапка фактите се нецелосно или погрешно утврдени дека во постапката не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, или дека диспозитивот на побиваниот управен акт е нејасен или е во противречност со образложението тој со свое решение ќе го поништи првостепениот управен акт и предметот ќе му го врати на првостепениот орган на повторна постапка. Во тој случај второстепениот орган е должен со своето решение да му укаже на првостепениот орган во кој поглед треба да се надополни постапката, а првостепениот орган е должен во сѝ да постапи по второстепениот управен акт и без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предметот, да донесе нов управен акт. Против новиот управен акт странката има право на жалба.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд смета дека Управниот суд со донесување на своето решение не го повредил законот на штета на тужителот.

Имено, и според овој суд Управниот суд правилно утврдил дека во конкретниот случај првостепената управна постапка, била поведена со Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Барателот – Л.Н. од с.Велешта - Струга, до сега тужителот како Имател на информации, а во својство на првостепен орган. Во оваа управна постапка, се одлучувало за правата на интересите на барателот истакнати во барањето, а не за права и инереси на органот кој одлучувал, односно бил должен да постапи и одлучи по поднесеното барање. Тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како второстепен орган одлучувала по поднесената жалба на незадоволната странка која сметала дека со не постапување по поднесеното барање и е повредено правото и неправилно е применет законот.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи, меѓутоа смета дека овие наводи немаат влијание за поинакво одлучување. По мислење на овој Суд, имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, правилно Управниот суд прифатил дека во случајот тужителот не може истовремено да има и положба на орган и да биде тужител во управниот спор, а со оглед да не му е на органот повредено право или правен интерес, туку на странката за која одлучувал органот, односно по чие барање не постапил тужителот. Дотолку повеќе што во Законот за општата управна постапка е предвидено како треба да постапува првостепениот орган кога второстепен орган ќе му поништи управен акт кој смета дека е незаконит.

Судот го одби барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката во вкупен износ од 20.128,00 денари, согласно член 86 став 1 од Законот за управните спорови, со оглед да тужителот не успеа во спорот.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 80 став 1 во врска со член 71 став 3 и член 86 став 3 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 06.11.2025 година под УЖ-1.бр.214/2024.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник